# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ

Ни претставува големо задоволство да ви го претставиме Годишниот извештај на Здружението за заштита на правата на детето за 2014 година.

Во годишниот извештај ќе видите еден поинаков, се надеваме, поинтересен пристап на претставување на нашите постигнати резултати, достигнувања и предизвици во текот на минатата година. Користејќи стил што наликува на социјалните медиуми, извештајот изобилува со многу фотографии од она што го сработивме и резултатите што ги постигнавме.

ЗА НАС

**МИСИЈА:** Почитување и заштита правата на детето без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или законски застапник загарантирани со Конвенцијата за правата на детето.

**ВИЗИЈА**: Нашата визија е да создадеме свет во кој детето ќе ги ужива и остварува своите права на ментална, физичка и социјална благосостојба според највисоки стандарди и ќе може да оствари хармоничен развој на личноста, да расте во семејна средина во атмосфера на среќа, љубов, почит, сигурност и разбирање.

**НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ**: Нашиот успех се темели на добро поставениот систем на вредности: Доверба, Сигурност, Посветеност, Одговорност, Храброст, Комуникација и Тимска работа.

Работата на Здружението може да ја следите на неговата официјална веб страна (zpd.org.mk), како и на социјалните мрежи (FACEBOOK: Дневен центар за деца на улица - Шуто Оризари).

Во текот на целата година ЗЗПД одржуваше редовни месечни состаноци на Комитетот, како извршен орган на Собранието на ЗЗПД.

**Тимот на ЗЗПД го сочинуваат**:

Проф. д-р Владимир Ортаковски, професор на Факултетот за безбедност, претседател на ЗЗПД;

Проф. д-р Оливер Бачановиќ, декан на Факултетот за безбедност, потпретседател на Здружението;

Кирил Трајковски, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;

Младица Котевска, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД.

Ирена Велкоска, член на Извршниот комитет на ЗЗПД

**Во Дневниот центар за деца на улица се ангажирани:**

Ирена Велкоска, проектен координатор и едукатор;

Василка Јовановска, социјален работник;

Наташа Ѓорѓиевска Тноковска, психолог; (од месец Септември 2014 г.)

Александра Закевска, одделенски наставник;

Маја Божиновска, педагог.

Меѓународни волонтери вклучени од Волонтерски Центар Скопје:

Робин Сарепс, Марион Мартурет, Пол Англес, Матијас Гранич, Максим Галас, Марко Неманиќ, Моника Наглова.

Континуирана помош и поддршка за реализација на активности во Дневниот Центар имавме од страна МТ-Тинекс. Од месец Октомври 2014 г. до месец Февруари 2015 г. поддржан проект на Министерството за труд и социјална политика од областа на социјална заштита, како и реализирација на шестмесечен пилот проект „Градење на образовни можности за деца од ранливи категории" на локално ниво (од месец 01 септември 2014 до 01 Март 2015 г.) со коалициони партнери (нво Хера, Сос-Детско село, РЕЦ-Амбрела, ЦСИ Надеж и РРЦ-Ромски ресурсен центар како носител на овој проект) со поддршка на Швајцарската детска фондација-Песталоци. Главната цел е да се проценат можностите за развој на долгорочна програма за позитивни промени во образовниот процес на локално и национално ниво од страна на развиената мрежа од невладини организации во Шуто Оризари.

**Медиуми:**

На ден 19.03.2014 година снимен прилог за работата на Дневниот Центар од страна на ТВ Нова, интервју дадено од страна на Ирена Велкоска, координатор на Д.Центар за деца на улица.

По повод Светскиот ден против злоупотреба на детскиот труд (12 јуни) дадено интервју за интернет портал на Телграф МК, Ирена Велкоска, координатор на Д.Центар за деца на улица.

По повод одбележувањето на „Ден на семејство" (15 Мај), во Градскиот Парк на ден 18.05.2014 година заедно со Министерството за труд и социјална политика, Центар за советување и помош на жени „Лидија-срце што чука", Сојузот за грижи и воспитување на деца на Р.М и Сојузот за грижи и воспитување на деца на Град Скопје со децата од Златно славејче чија манифестација беше проследена и дадена изјава до медиумските ТВ куќи: МТВ, Алфа, Сител и Канал 5.

Во рамките на Детската недела од страна на социјалниот работник Василка Јовановска, дадено интервју за интернет портал Телеграф МК за причини и последиците од детската сиромаштија (14.10.2014 г.).

На 22.11.2013 г. по повод Меѓународниот ден на детето под мотото „Живот за бебињата, не за абортус", учество на Центар за советување и помош на жени „Лидија-срце што чука", Додома, Ревита-Битола и ЗЗПД. Изјава дадена на медиумските ТВ куќи: „МТВ", „Телма", „Сител" и „Канал 5".

Гостување во националната ТВ БТР посветена на образованието кај ранливите категории на деца (конкретна поддршка преку програмите на ЗЗПД и ЦСИ Надеж за деца од Шуто Оризари) резултати и предизвици. Презентирање на работата на пилот проектот од Детската фондација – Песталоци со 5-те коалициони партнер организации на локално ниво (25.11.2014 г.).

На ден 26.11.2014 г. од страна на Националната ТВ БТР, снимен прилог за работата на ЗЗПД и Дневниот Центар за деца на улица–интервју дадено од страна на Ирена Велкоска, координатор на Д.Центар за деца на улица.

Учество во хуманитарната/добротворна емисија „Среќно семејство" во организација на ЕВН-Македонија преку ТВ Алфа одржана на 01.12.2014 година

Гостување во утринска емисија по повод кампањата „Израдувај дете од улица" на ТВ Алфа 19.12.2014 г. - Александра Закевска

На 24.12.2013 г. Изјава дадена за емисијата Backstage–МТВ од претседателот на ЗЗПД, Проф.д-р Владимир Ортаковски.

Печатени медиуми: дневниот весник „Вест"-истражувачки мотив за филантропијата во Македонија на тема: „Колку се дарежливи Македонците за социјално загрозени групи" (објавено 04/05.01.2014 г.) и за работата на Дневниот Центар објавено на ден 20.03.2014 г.

На 17.12.2014 г. статија во дневниот печат „Дневник" за работата на Д.Центар, интервју дадено од страна на претстедателот на ЗЗПД, проф.д-р Владимир Ортаковски, Кире Трајковски, член на Извршниот комитет на ЗЗПД и Ирена Велкоска, координатор на Дневниот центар за деца на улица.

Објавена статија за донирана материјална помош за дечињата згрижени во Д.Центар од страна на вработените на „Теа модерна" во магазинот „Теа модерна" на ден 24.12.2014 г.

Проект-тимот на ЕЗДДЦ за деца на улица – Шуто Оризари за остварување на целите и задачите и постигнување на резултатите секојдневно ги згрижуваше и заштитуваше децата, реализираше културно-забавни и рекреативни активности, внесуваше лична инвентивност и креативност во работата, спроведуваше едукативно-образовни работилници, описменување, како и активности за стекнување на позитивни здравствено-хигиенски, работни и културни навики, вештини за социјализација, мотивирање за вклучување во образовниот процес но и задржување на децата кои веќе се вклучени во него. За време на престојот во Центарот на децата им помагавме во совладување на училишниот материјал, реализиравме и дополнителни активности и обезбедувавме услуги кои имаа за цел да ги задоволат нивните различни потреби (остварување на емотивно топли релации со децата, подигање на нивото на самодоверба, креативност, градење на позитивен став кон себе и блиската средина, обезбедување психо-социјална поддршка и интервенција, психолошко советување, грижа и следење на здравствената состојба, вакцинирање, едукација од областа на здравствената заштита и едукација за нивните права).

Проект-тимот истовремено остваруваше секојдневни средби со семејствата на децата, во и надвор од Центарот, и учествуваше во подобрување на родителството преку информативни и мотивациони разговори за важноста на образованието. Тимот исто така им пружаше социјално-правна помош и поддршка, советодавни услуги и едукација на следниве теми: планирање на семејството, планирање на семејниот буџет, развој на родителските вештини, како и комуникација на заедницата со институциите со цел да се помогне во информирањето и олесни пристапот до надлежните служби и институции. За сите прашања и информации проект-тимот настојуваше навремено и точно да ги информира и упати граѓаните – членови на семејства од ромската заедница со цел да им се помогне во решавање на нивните тековни проблеми и остварување на нивните права.

Децата се запознаа со важните датуми во текот на годината, преку одбележување светски денови во рамки на Дневниот центар и надвор од него:

- Меѓународна недела на улични продавачи;

- 8 Март - ден на жената;
- 8-ми Април - Светскиот ден на Ромите (одржана едукација за историјата на Ромите, за потеклото, преселбите, културата, обичаите на Ромите а кај децата предизвика големо внимание и активно се вклучија и со свои примери ја надополнија активноста. Децата во рамките на креативната работилница го цртаа и боеа ромското знаме и се објасни неговото значење);
- 1 април - ден на шегата (изработени маски и тоа најчесто со ликови од приказните, принцези и кралици, а најмалите дечиња беа маскирани во мачиња, глувчиња или зајачиња. Оваа активност предизвика огромна радост кај децата и тие со задоволство учествуваа во секој дел од подготовките на маскенбалот. Со особена гордост и голема радост ги презентираа своите маски низ улиците во Шуто Оризари пред локалното население);
- Велигденски празници (изработени цртежи од различни материјали и учество во вапцање и украсување на велигденските јајца);
- 12 Април - Меѓународен ден на деца на улица;
- 6 мај- Св.Ѓорѓија – Ѓурѓовден (особена радост за децата кој освен во семејствата, се прославува и во Дневниот центар) Се раскажуваше за значењето на овој ден, начинот на прославување, важноста на празниците за зближувањето и сплотувањето на луѓето во тие денови. Плетевме венчиња од цветови а потоа се прошетавме за да прославиме заедно со локалното население;
- 15 Мај – Меѓународниот ден на Семејството Iпреку интерактивн дискусија, прикажување на фотографии и групна работа-изработка на хамери на децата им беа претставен поимите: Семеен живот, Семејство, Видови Семејства Iпотесно и поширокоI и семејство со еден родител, семејство со два родитела, родбинско семејство, семејство на посвоители и старатели. Се разговараше и за улогите на родителите и децата во рамките на едно семејствоI. Јавен настап беше одржан на ден 18.05.2014 г. во Градски Парк, манифестација спроведена од страна на Министерството за труд и социјална политика кој освен нашата организација активно учество земаа и Сојузот за грижа и воспитување на деца на град Скопје и Сојузот за грижа и воспитување на деца и млади на Р.Македонија со учество на Златните Славејчиња и спремени рецитали за овој настан, како и Центарот за советување и помош на жени „Лидија-Срце што чука". На настанот учествуваа 17 деца од Дневниот центар, едно дете се претстави со неколку песнички поврзани за семејството и мајката а другите 16 деца цртаа, боеја и пишуваа пораки за одбележување на овој ден;
- 12 Јуни - Светски ден против детскиот труд.

ЗЗПД и понатаму се бори за заштита на децата од најтешките формите на злоупотреба на детскиот труд, односно оневозможување тие да бидат вклучени во активности опасни за детското здравје или за нивната безбедност. Сепак, не загрижува фактот што на овој проблем не му се посветува доволно внимание и ресурси за постигнување одрживи социјални промени. За да се постигне елиминирање на најлошите форми на детскиот труд потребни се големи напори и посветеност во делот на редуцирање на сиромаштијата, подобра социјална заштита и вклучување на сите деца во образованието;

- Светскиот ден на крводарителство-14 Јуни. (На хуманитарна акција на Црвениот крст беа поканети и нашите продавачи на уличниот магазинот.);
- Одбележување на Детска недела

Дневниот центар за деца на улица месец октомври го отпочна со одбележување на Детската недела во рамки на Светскиот ден на детето што секој прв понеделник во октомври традиционално се одбележува во сите земји. Беа организирани работилници на кои децата на креативен и интерактивен начин, според возраста, се запознаваа со детските права. Преку активностите поврзани со нивните права и потреби под мотото:„Право на заштита од економска експлоатација" „Децата имаат право да ги знаат своите права но и возрасните исто така",„Детето има право да сака и да биде сакано", „Децата имаат право на одмор, игра, другарување, учество во културни и уметнички активности, рекреативни кои одговараат на нивната возраст", "Децата имаат право да го покажат своето мислење преку зборување, пишување, изразување, доколку тоа не ги повредува правата на другите" и „Што ме прави среќен". Децата беа многу радосни и среќни бидејќи во центарот на вниманието беа токму нивните права, се реализираа спортски натпреварувачки игри со спортски навивачки дух: влечење на јаже, фрлање на топка во кош итн.

- Меѓународен ден на женското дете – 15 Октомври;
- Одбележување на муслиманскиот празник-Рамазан Бајрам;
- Курбан Бајрам (муслимански празник );
- Светски ден за превенција од злоупотреба на децата и 20 Ноември - Светски ден на детето

Здружението за заштита на правата на детето со своите активности продолжува континуирано да работи на подобрување на состојбата со правата на децата во Република Македонија и да се бори против најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд и сексуалната злоупотреба на деца. ЗЗПД ги одбележува 19 Ноември - Светскиот ден за заштита на децата од злоупотреба и 20 Ноември - Светскиот ден на детето.

На 22.11.2013 г. под мотото "Живот за бебињата, а не за абортус", покрај ЗЗПД, граѓанската организација „Лидија срце што чука"-Штип, „Ревита"-Битола и нво „Движи се"-Скопје учество на Маршот зедоа и голем број на родители и деца кои излегоа на мирен Марш низ скопските улици што се организираше во пресрет на Меѓународниот ден на детето, 20 ноември.

- Меѓународен ден на волонтерството 5-ти Декември.

По повод одбележувањето на Меѓународениот ден на волонтеризмот на ден 05.12.2013 г. Волонтерскиот Центар по тој повод ги покани продавачите на уличниот магазин и заедно во присуство на многу Европски волонтери ја пренесоа пораката за важноста а воедно и придобивките од волонтеризмот.

Со наведените активности ЗЗПД-ЕЗДДЦ за деца на улица го оправда своето постоење во неговата мисија за имплементација на проектот.

Во рамки на работата на ЗЗПД-ЕЗДДЦ за деца на улица во Годишниот извештај издвоивме неколку активности и настани за кои мислевме дека е пожелно да бидат споменати, како покарактеристични за периодот за кој се информира.

**ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА**

Подобрување на општите услови за децата од улица и нивна интеграција е само еден дел од работата на Здружението за заштита на правата на детето. Дневниот Центар посветено работи на социјална инклузија, обезбедува пред сѐ дневна грижа за ромските деца, така што во текот на денот ги отргнува од улица, ги внесува во безбедна средина исполнета со низа активности кои го помагаат нивниот детски раст и развој. Со оглед на тоа што како Дневен центар

сме во нивна близина децата нé доживуваат како нивен Центар на заштита и нивната пропродба за побрза социјализација и ресоцијализација. Се задоволуваат нивните елементарни потреби, потреба од одржување лична хигиена, облека, обувки, оброк, потреба од образование, здравствена заштита и нега, идентитет, игра, дружење и соработка, но и заштита од економска експлоатација и заштита од секаков друг вид насилство. Преку работилниците за едукацијата на нивните права, поголемиот дел од децата веќе ги препознаваат прекршените права и ги пријавуваат своите родители особено за викенд период кои ги присилувале на питачење или физички ги повредуваат.

Во текот на годината се остваруваа индивидуални и групни средби со родителите, се одржуваа и родителски средби со цел да се подигне родителска грижа и одговорност за вршење на родителското право.

Продолжувањето на работата на Дневниот центар е од исклучително значење за овие деца за да не се изгуби ефектот од сето она што е постигнато. Децата веќе стекнаа навика да доаѓаат во Центарот и на наше особено задоволство кај нив постојано се развиваше и се менуваше свеста за важноста на образованието и одржување на чистотата и здравјето, можност за намалување на ризиците за здравјето на децата кои произлегуваат од супстандардните услови за живот. Применувајќи ги стекнатите хигиенски навики и во домот, децата влијаат врз родителите во насока на поголема грижа за здравјето и хигиената. Најголем дел од нив живеат во импровизирани домови од картонски кутии и најлони, без струја и вода и без санитарни јазли. Поради лошите економски услови децата се хранат нередовно и неквалитетно. Во центарот доаѓаа и помладите членови на семејството за да се искапат, да добијат барем еден оброк во денот, да поминат дел од времето во топла просторија, градејќи позитивни навики Истовремено им помагаме и на родителите, овозможувајќи им да ја користат машината за перење во Дневниот центар, но и да се искапат.

## ЕВИДЕНТИРАНИ И ЗГРИЖЕНИ ДЕЦА

Во текот на 2014 година, по пат на теренски активности беа евидентирани 33 деца како питачат на семафорите кај хотелот Александар Палас, на булеварот Партизански Одреди, НБРМ, на пазарчето во Шуто Оризари или пред поголемите маркети на возраст од 03 до 14 години, и со согласност на родителот/старател истите се згрижени во Дневниот центар. Кај децата се направи проценка на нивниот психо-физички развој и интелектуален капацитет, се изврши систематски преглед и прва имунизација. Работевме на нивна адаптација, социјализација, стекнување на културни и хигиенски навики, описменување а постепено ги градевме и нивните работни навики. Од постоењето на Дневниот центар бенефит на услугите имале 270 деца.

Во текот на целата календарска година бројот на директни корисници на дневните услуги изнесува 138 деца. Во месец Јануари и во месец Јуни престанок на услугите имаше кај 18 деца од кои 3 школски деца стапуваат во малолетничка вонбрачна заедница (С.М. 12.01.2014 година, Ѓ.Ј. 28.04.2014 година и А.Ц верена на 16.05.2014 година а заминува со чичко и во Франција на 02.06.2014 г., две деца илегално (без лична документација) заминуваат во Р.Србија кај својот татко, шест деца поради несоработка од страна на родителот и поради подобри егзистенцијални и материјални услови за живот семејствата на 7-те деца заминуваат да живеат во градот Куманово и Тетово.

Заклучно со месец декември 2014 година, 120 деца од ранлива маргинализирана ромска заедница на возраст од 03-18 години од имаа статус на секојдневно згрижени деца кои ги користат услугите на Дневниот центар.

## ТЕРЕНСКИ АКТИВНОСТИ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ...






## ДЕЦА БЕЗ ЛИЧНА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ОСИГУРУВАЊЕ

Во 2014 година од новоевидентираните 33 деца, осум деца беа без лична документација и кај истите се изврши прв систематски преглед и имунизација, им се отвори здравствен картон во соработка со локалниот Здравствен дом, а со помош од НВО – ХЕРА "Сакам да знам". Здравственото осигурување на родителите и децата сѐ уште е горлив проблем бидејќи тие немаат соодветни документи за идентификација, не поседуваат изводи од матичната книга на родени/венчани, немаат постојани живеалишта, а поради нееудуцираноста и неписменоста не можат да ги надминат административните бариери за да стигнат до нив. На пет деца им се помогна во заведување во Матичната книга на родени, но кај покомплексните случаи, каде децата се родени во домашни услови и се во поодмината возраст или имаат статус на бегалци и оваа година се обративме за помош од институциите надлежни за лична идентификација кои декларативно сакаат да го решат проблемот, но и од граѓански организации. Конечна разврска имаше во месец Декември, но само за три семејства односно за 5 деца за утврдување на идентитетот на детето преку ДНК анализа. Родители/трудници кои остварија право и поседуваат лична документација се упатувани до Клиниката за Гинекологија и акушерство за заведување и водење соодветна медицинска документација по породување за пријавување новороденчињата во подрачната матична служба, а на 8 новороденчиња им се обезбеди облека, детски колички, млеко во прав и кашички за доенчиња.

Им се помогна и на родителите во закажување термини за лична карта, упатување во подрачни единици, како и подготвување и копирање на документи кои се доставуваат во прилог на барањето за остварување на правото на социјална парична помош, информирање, упатување и пополнување на обрасци за семејства кои имаат неподмирен долг до надлежните институции за отпис на заостанат долг за електрична енергија. Им излеговме во пресрет и на семејства кои подолг период живееја на улица, овозможувајќи им да ја користат бањата за да ја одржуваат личната хигиена и чиста облека.

Речиси сите деца живеат во населбата Шуто Оризари (со исклучок на две семејства кои живееја зад Народна банка и две семејства кои живееја под тврдината Кале во импровизирани живеалишта), што значи дека имаат и идентично социјално опкружување: потекнуваат од семејства кои се наоѓаат во тешка материјална положба, од дисфункционални семејства без соодветна родителска грижа со забележана воспитна и едукативна запуштеност и социјално-емоционални проблеми. Дел од нив не се пријавени во МКР и немаат здравствена документација заради што не им е овозможено добивање соодветна здравствена нега и заштита. Кај сите деца забележавме и дополнителни проблеми од типот на кожни инфекции, вошливост, нехигиена и неухранетост. Имајќи го предвид сето ова големо внимание посветувавме и на општата здравствена состојба на децата, преку редовно вакцинирање, туберкулозно тестирање, кожни прегледи, тестирање за заразно преносливата болест - жолтица, систематски прегледи и

пружање други здравствени услуги (стоматолошка интервенција, овозможување бесплатни очни прегледи, лабораториски испитувања, болничко сместување и лекување, но и обезбедување, односно купување на препишаните лекарски терапии).

## ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Во учебната 2014/2015 година вклучени 14 првачиња на различна возраста од кои 7 деца без лична документација. и тоа: 11 деца во ОУ„Браќа Рамиз Хамид" и 3 деца во вечерното ОУ „Ас Макаренко". Оваа година за прв пат 9 деца се запишани во средните стручни училишта СУГС„Арсениј Јовков", СУГС„Лазар Танев" и АСУЦ „Боро Петрушевски". Меѓутоа во месец октомври поради отселување на целото семејство во Р.Германија малолетната Ѓ.А. го прекинува образовниот процес

Тестирање на првачињата...





Извршен стоматолошки систематски преглед за упис во прво одделение.



Второто полугодие од учебната 2013/2014 година успешно го завршуваат 76 деца од 87 деца.

  



**Го продолжуваме образовниот процес и во учебната 2014/2015 година...обезбеден училишен материјал за 90 школски деца**







Од страна на Швајцарска детска фондација-Песталоци обезбеден училишен материјал и прибор, ранци, неопходни за непречено следење на училишната настава.

Им беше обезбедена половна облека од страна на Црвениот Крст на Град Скопје... се надмина потсмевот срамот од своите содругарчиња поради валканата и мириззлива облека, причина поради која децата одбиваат да одат на училиште.











Средношколците го  посетија новоотворениот пункт за донација на Црвениот Крст.

Среќа, радост и широка насмевка предизвика преото влегување во книжара-личен избор на својот училишен ранец и нова облека од бутик-продавница.





Обезбедени униформи за 5-те средношколци запишани во СУГС „Лазар Танев" од страна на Министерството за труд и социјална политика... како и собни папучки за сите децата згрижени во Дневниот Центар.



ОствРивме контакт со сите наставници и со педагошката служба од основните училишта „26 Јули" и „Браќа Рамиз Хамид" за да им го објасниме материјалниот статус на нововклучените деца и да им укажеме на можноста да ни се обратат за каква било информација, како и со професорите од средните стручни училишта. Соработката продолжуват и со вечерното училиште „АС Макаренко" каде што имаме 3 новозапишани деца, а претходно запишаните деца по успешно завршеното одделение продолжуваат во погорната година.

Првачињата секојдневно беа придружувани од наша страна на училишна настава, со цел стекнат обврска но и позитивна навика за редовно одење на училиште и прифаќање на новата училишна средина, но и одблиску да се запознаат и зближат со наставниот кадар. Во првата недела од месец септември кај 12 повремено исклучени дечиња, имаше потреба од обезбедување на училишниот материјал, со примарна цел да го продолжат образованието. Имено, семејствата на овие деца се соочија со семејни проблеми пред сè поради лошата финансиска состојба бидејќи поради ненавремена доставена потребна документација го губат правото на социјална парична помош и не можат да обезбедат услови нивните деца навремено да ја започнат школската година. Остваруваме секојдневен контакт и со наставниците во основните училишта, каде што се информиравме за напредокот на секое дете, но и за потешкотиите кои можеме да ги надминеме и да работиме со децата помагајќи им да го совладаат пишувањето, читањето и сметањето со броеви.



Помош во пишување на домашните задачи и читање





Образовни работилници...


















Натпревар во знаење...








Креативни работилници....













Изработуваме накит со волонтерот Ана



Изработуваме оригами, алки, слики на стакло, новогодишни украси итн.









Го одбележуваме Ѓурѓовден





Слободни активности













Готвиме...











Прославуваме родендени...

















Изработуваме велигденски јајца



Одржуваме лична хигиена

  

Здравствена заштита и превенција

  

  

Ротаракт Клубот Скопје во соработка со Еурофарм - Битола и ЈЗУ Универзитетски Стоматолошки Клинички Центар св.Пантелејмон на 11.12.2014 година спроведе еднодневна работилница за орално здравје во Дневниот центар за деца од улица. Работилницата ја спроведоа д-р.Елена Велкоска член на Ротаракт Клубот Скопје, професор и стажанти од Универзитетскиот Стоматолошки Клинички Центар. Еурофарм ДООЕЛ Битола за работилницата донираше 50 пасти за заби и 50 четки за заби.

**РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ...**





Беа присутни и родителите чии деца поради усвоените позитивни обрасци на однесување и зголемената одговорност за грижа и трудово неискористување беа привремено исклучени од секојдневните активности во Дневниот центар. Тие беа пофалени и наградени од тимот на Дневниот центар.

Пред почетокот на новата учебна година, како и во текот на целата календарска година се одржуваа едукативни работилници со родители базирани за заштита на правата на децата, подигање на родителскиот капацитет, грижа и одговорност, значењето на образованието и редовната посета на наставата, малолетнички бракови итн.



Се посетуваа и нивните домови, во однос на отсуство на детето од Д. Центар и училишната настава или информации за докомплетирање на документацијата преку кои можат да ги остварат своите права во областа на здравството и социјалната заштита.







Вонаставни активности како награда за успешно завршена учебна година но и мотивација и поттик за продолжување на образованието, поддржан од Град Скопје, Француската амбасада и Волонтерскиот Центар Скопје.

Гледање кино проекција на едукативниот анимиран филм „Поштарот Пет" во киното Синеплекс - Сити Мол.


stradivarius
NEW YORKER
WORLD
ACCESS


CINEPLEXX












Посета на природно-научниот музеј на Град Скопје





Децата од Дневниот центар во игротека





Плоштад „Македонија"



ЗОО-Градина



Во посета на ТВ Алфа






Златно Славејче





**Прво летување...**

Во месец Август четириесет деца од Дневниот Ц. првпат одат на петдневно летување во Охрид овозможено од тројцата млади волонтери од Франција, Марион Мартуре, Робин Сарел и Пол Англе, кои собраа пари преку краудфандинг платформа (платформа за групно вложување). За жал волонтерката Марион која беше дел од подготовката на овој проект за летување на децата не беше во можност да биде дел од реализацијата бидејќи шестмесечниот престој во Македонија и заврши во месец јули.





Децата и приредија забава, а за возврат, волонтерот Марион им подготви прекрасен колач и игра со водени балони






**Активности за Новогодишните празници**

Со секоја донација и помош се раѓа по една искрена насмевка. Во месец декември во Д.Центар за деца на улица беа реализирани многубројни разновидни активности, поврзани главно со Новата година и новогодишните празници. По тој повод, со помош на стручниот тим децата ги накитија двете новогодишни елки го украсија просторот на Дневниот центар со колоритни лампиони, ѕвончиња и Снешко кој тие лично ги изработија. Децата изработија и новогодишни честитки на кои беа напишани нивните желби и пораки.

Пред две години преку Центарот за медиумски активности и уличниот магазин „Лице в Лице,. кои ја отпочнаа кампањата „Израдувај дете од улица", и оваа година продолжува. Благодарност до сите граѓани, организации и компании кои ја препознаваат важноста да се делува во рамките на оваа иницијатива, која годинава е малку модификувана, и има за цел да обезбеди храна за сите дечиња згрижени во Дневниот центар за деца од улица во Шуто Оризари. Хуманите граѓани имаа можност секој четврток и сабота во месец декември да ги посетат дечињата во Дневниот Центар, да се дружат со нив, да ги слушнат нивните приказни и нивните желби, да ги исполнат дел од нивните скромни новогодишни желби и потреби кои родителите не можат да им ги задоволат: како топла облека, капче, шалче, ракавици, јакна, чизми, храна, пакетче, кукла, автомобилче, топка, детска количка, посета на некоја игротека, кино претстава итн. Но интерсено е што оваа година дел од децата посакаа Дедо Мраз во нивниот импровизиран дом да им донесе шпорет за дрва и чиста вода за пиење. Последната сабота од месецот (27.12.2014 г.) од страна на НВО Хуманост без граници и Млади за љубов беа организирани

хуманитарни собирни акции со донирање на половна облека, чевли и чизмички за деца од 3 до 18 години, половни играчки, книги, сликовници и лектири.



**ТИНЕКС** како верен и искрен пријател, и оваа година како и претходните од кога е отворен Дневниот Центар, им овозможи на сите дечиња кои се згрижени во Дневниот центар да ја почуствуваат Новогодишната празнична магија со Дедо Мраз и со делење на Новогодишните пакетчиња. Големата Новогодишна претстава се одржа на 24.12.2014 г. Децата згрижени во Центарот се претставија со стихотворби, песнички, македонски традиционални песни и кореографии специјално подготвени за овој свечен настан.

Караванот на Дедо Мраз од T-mobile.











Следејќи ја традицијата за ширење насмевки и искрена радост за време на празниците и оваа година Комерцијална Банка организираше појадок за сите дечиња и општествено добротворна хуманитарна акција која се состоеше од пакети со играчки, облека, хигиенски средства. На 23.12.2014 г. се погледнаа анимираните филмови Сенки во облачиња и Малиот Принц.



На 12.12.2014 г. од страна на Црвениот Крст на град Скопје, а во соработка со ЕВН-Македонија, се организираше предновогодишен хуманитарен настан во кои беа вклучени 65 деца од Дневниот Центар и кои имаа можност ја да проследат претставата „Цветната градина" во Театарот за деца на млади.

По повод на предновогодишните празници дечињата од Дневниот Центар беа посетени од страна на Центарот за медиумски активности, Извидничко поречански одред-Галеб, СУГС „Васил Антевски Дрен", Лионс клубот (Lions Clubs International), Католичка црква "За црквата на Исус Христос и светците од подоцнежните дни" во посредство со Црвениот Крст на град Скопје, Магрони-донација на сокови, од Петар кој им подготвеи божиќни колачиња, Едукативен центар „Светилник", Стоматолошкиот факултет, Урбан Култ, вработените од Теа модерна, Унија на млади сили и други граѓани кои изразија желба за поддршка на кампањата „Израдувај дете од улица". Искрена насмевка на децата им овозможи и шкотската фудбалска асоцијација "Tartan Army Children's Charity" со посредство на британската амбасада во Р. Македонија и фирмата ИМИКА-Скопје.
















Слика од 27.12.2014

  

**<u>СПРЕЧЕНИ МАЛОЛЕТНИЧКИ ДЕТСКИ БРАКОВИ</u>**

Во 2014 година спречени се **четиринаесет од седумнаесет** потецнцијални малолетнички брака. Иако за оваа категорија на семејства раното стапување во брак е традиција која голем дел од нив ја одобруваат, ги советуваме децата и нивните семејства да прекинат со рано стапување во малолетнички вонбрачни заедници и го потенцираме значењето на образованието и осамостојувањето на децата со можност за нивно интегрирање во општеството. Иако во повеќе наврати уште од почетокот на месец Јануари беше интервенирано особено кај двете малолетни деца, 13-годишата С.М. и 14-годишната Ѓ.Ј. без знаење на блиските членови од семејството во доцните часови го напуштаат живеалиштето, а додека 14-годишната А.Ц со дозвола на родителите ја верат и испраќаат за момче кое живее Франција. Се направи напор трите деца да ја завршат започната учебна година.

Последиците од прераното стапување во малолетнички брак, кога телесно но и духовно не се подготвени и им е загрозен нивниот живот, и оваа година малолетната 15-годишна И.Р поради настанати компликации одраната бременост во месец Јуни и Октомври 2014 год. од страна на матичниот гинеколог беше под итно препратена на Клиниката за гинекологија и акушерство каде е утврдена вонматерична бременост и истата прекината. И.Р на 13-годишна возраст стапува во вонбрачна малолетничка заедница во Куманово но го напушта и оформува две нови заедници кои не траат долго. Во месец октомври 2014 г. во рација на полициските единици Алфи за малолетничка проституција од домот на својот партнер во Ш.Оризари, беше приведена со уште две малолетни девојки, штитенички на ЈУ за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај" под сомнение дека работи како комерцијална сексуална работничка. Стапено е во комуникација со ЈУ МЦСР за И.Р. која до Декември 2012 г. беше згрижена во Д.Ц. заштитена од медиумите.

Во соработка со Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта"-Скопје, како дел од програмските активности „Не ми го одземај детството" чија цел е да се придонесе кон зголемување на превенцијата и заштитата на децата Роми во Македонија од принудени/детски бракови и трговија со луѓе. Работилниците кои се спроведоа со децата од Дневниот центар , именувани како Да се мажам или не имаа за цел да покренат дискусија за негативните последици ризици по однос на психо- физичкиот раст и развој на децата кои произлегуваат од раните детски бракови,како и нивната поврзаност со насилството, трговијата со луѓе и сиромаштијата.

  

  

Дневниот центар беше посетен од страна на средношколки Роми кои учат во медицинското средно училиште, во соработка со Здружението на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар„. Во креативната работилница девичињата изработуваа ликовни цртежи на тема „Малолетнички бракови". Целта на активноста е да се зголеми свеста во три општини кај Ромската и пошироката популација за штетните последици од прерано стапување во малолетнички бракови и прерана бременост. Настанот се одржа на 07.12.204 година во Ш.Оризари преку едукативно видео на темата и презентација на ликовните цртежи подготвени од дечињата згрижени во Дневниот центар за деца на улица.

  

## ДЕТСКО-МЛАДИНСКИ КЛУБ



Детско-младинскиот клуб во Дневниот центар и понатаму во континуитет продолжи да работи. Децата се стекнуваат со продлабочена едукација за нивните права, да се подигне степенот за важноста на основното и средното образование преку мотивациони разговори за заокружување на основното образование и мотивација за вклучување во средните стручни училишта како силен поттик за нивно идно вработување, изучување на нови поими како етика, морал, развивање на позитивна меѓусебна комуникација, формирање на основни морални ставови за полесно интегрирање во општеството итн.









Работилниците се одвиваа два пати неделно по 2-3 часа деца / младинци на возраст од 12-17 години. Однапред подготвена месечна програма се реализираше преку интерактивна дискусија, групна работа или работа во мали групи.

Едукација од страна на едукаторите од НВО Хера за здравствена заштита, заболување и пренесување на туберкулозата и малолетнички бракови.





**ОБУКА ЗА КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ НА ДЕЦА/МЛАДИНЦИ**

за продажба на уличниот магазин "Лице в лице" преку Центарот за медиумски активности (ЦМА)

Комуникациската обука и оваа година продолжи со Марина Анчевска од "Ксантика" за 10-те младинци од 15 до 21 година кои веќе биле згрижени или се дел од активностите на Дневниот центар за деца на улица. Обуката е поддржана од НВО Центарот за медиумски активности со цел да им се овозможи на ранливите групи подобрување на материјалниот статус. Со цел да се помогне во продажбата, ЦМА на продавачите им организира влез во фирми или компании.

Наградата за најуспешни продавачи на „Лице в лице" кои платформата за активизам ги организираше по трет пат, а во соработка со „Хабитат Македонија", им беа доделени на А. Реџепи и Ј. Јусуфовски младинци од Дневниот центар. На наградените продавачи, „Хабитат Македонија" им овозможи реконструкција на одреден дел од нивното живеалиште, со цел подобрување на нивните услови за домување.





Центарот за медуимски активности, преку сервисот на Меѓународната мрежа на уличен печат во Германското - нирнбершкото улично списание ја објави приказната за нашиот младинец Армано Р.

## ВОЛОНТЕРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Во текот на целата година се спроведуваа хуманитарни активности со нови волонтери од Франција преку Волонтерскиот центар - Скопје, со цел реализирање на едукативни и креативно - забавни активности со маргинализирани групи - деца. Работилниците ги спроведуваа активисти во соработка со стручниот тим во Дневниот центар. Преку најразлични едукативни и креативно - рекреативни активности со децата се оствари меѓусебно другарување и запознавање со културата и знаменитостите на нивните земји (Франција и Македонија). Работилниците се одржуваа три пати неделно од 12-14 часот со група од 10 дечиња кои изработуваа фигури и предмети од различен материјал. Оваа активност ја поттикна креативноста особено кај децата од малата група кои пројавија голем интерес за работа. Децата уживаа во спортските активности реализирани заедно со волонтерите. Волонтерите исто така ги запознаа децата со местата каде што живеат, семејствата, градовите и позначајните места во нивната држава а истите ги посетија и живеалиштата на децата во Дневниот центар. На наше големо задоволство, како резултат на успешно спроведените работилници од страна на волонтерите, децата беа воодушевени од начинот на изработка на интересни предмети и многубројните друштвени игри со новите пријатели.

Тимот на Волонтерски центар Скопје овозможи Армандо Р. да биде еден од младинците кои заминаа во Санкт Петерсбург, Русија каде заедно го претставуваат Волонтерски Центар Скопје на младинската размена "It's me, I'm great" во Санкт Петергбург, Русија, организирана од страна на Руско-Германскиот Центар во Кирхе (19.07-30.07.2014 г.) со учесници - млади лица од Германија, Тунис, Шпанија, Русија, Македонија, Латвија и Италија, на возраст од 16 до 18 години. Целта на овој проект е учесниците запознаат нови култури, ги срушат своите стеретипи и предрасуди кон другите земји учеснички на овој проект.

Од страна на Волонтерскиот Центар-Скопје на ден 27.11.2014 г. се одржа настан насловен „Жива бибилотека". Нашиот мадинец од Дневниот Центар и продавач на уличното списание „Лице в лице", преставуваше отворена „книга" на својата животна приказна. Посетителите беа заинтересирани да ја слушнат неговата животна приказна.

**Посредување со социјални и правни служби**

Здружението за заштита на правата на детето од почетоците на своето работење спроведува и развива активности од социјално-хуманитарен карактер. На децата и нивните семејства им помагаме во задоволувањето на основните потреби преку добивање разни видови помош (хуманитарна помош: облека, храна, неопходни лекови, хигиенски средства и сл.; правна помош и заштита: посредување, упатување и обезбедување на полесен пристап до здравствена заштита и остварување на нивните права и сл.). Социјалната служба составена од стручниот тим на Дневниот центар се обрати до МТ-Тинекс, Француската и Британската амбасада, Британската компанија Џонсон Мети, владини и невладини институции и организации кои нудат услуги од јавен интерес, а се поврза и со граѓани за остварување на различен вид помош и поддршка.

Во текот на целата година Дневниот центар го посетија претставници од Француската амбасада и амбасадорката Laurence Auer, со кои соработуваме долго време а ни се верна подршка во работата. Здружението за Заштита на правата на детето учествуваше во одбележувањето на Меѓународниот ден за човекови права.



Во месец Март се изврши промена на старите прозорски стакла во просториите на Дневниот Центар од страна на фабриката Џонсон Мети.



Во месец Март 2014 г. Дневниот Центар беше посетен од страна на католичката црква "За црквата на Исус Христос и светците од подоцнежните дни" а во посредство со Црвениот Крст на град Скопје.





Во два наврата (месец Април и Јули), Дневниот Центар беше посетен од страна на GIZ - German Development Cooperation-регионална програма за социјална заштита и превенција за трговија со луѓе како и од центрите за социјална работа при Косово со цел одблиску да се запознаат со работата и улогата на државните дневни центри и вонинституционална работа со деца на улица, за кое добивме позитивно мислење како и беа посетени неколку семејства од кои имаме згрижено деца со цел да ги увидат условите во кои домуваат/живеат и преживуваат секојдневно.

  

Во месец Јули 2014 г. претставник на Уницеф г-дин Bertrand Desmoulins одблиску се запозна со работата и активностите на Дневниот центар.

Алан Бирот- регионалнен технички советник за анти – трговија на француската перманентна мисија во UN, OSCE и други интернационални организации со седиште во Виена, во три наврати ги посети активностите на Д.Центар. Соработката произлезе од работните средби, организирани од страна на OSCE за Регионална трговија со деца на која Здружението за заштита на правата на детето го претставуваше Антонио Велкоски. Од неговото излагање и остварени контакти, голем интерес да го посети Дневниот Центар за деца на улица покажал г-дин Алан Бирот, воодушевен од работењето на Д.Центар, неговото превенирање/спречување потенцијални жртви на трговија, присилна работа, малолетничка делинквенција итн. како и за вклучени волонтери од Франција.

 

Во 2014 година, бесплатната правна служба постапуваше по 5 писмени обраќања до ЈУ-МЦСР на град Скопје. Таа остваруваше и чести контакти, средби и разговори со службите при центрите за социјална работа, поднесуваше пријави за преземање мерки и засилен надзор над вршењето родителско право на деца жртви од семејно насилство, физички насилства и агресивни однесувања, грубо запоставување на родителската должност за грижа и воспитување, трудова експлоатација-питачење. Во дел од своите обраќања до надлежните институции, правната служба се повикува на одредени меѓународни документи и национални закони во кои се наведени правата на децата, начинот на нивно остварување како и механизмите на нивна заштита. Првенствено се повикуваме и ја следиме имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите Нации, Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот за најлошите форми на детски труд - Конвенција бр.182 за најлошите форми на детски труд, 1999, ратификувана на 30.05.2002 год. и низа други меѓународни и национални стандарди за правата на децата.

Штитејќи ги правата и интересите на дечињата, интензивни индивидуални разговори се обавуваше со сите родители, особено со родители чии деца ги присилуваа на питачење за време на викенд. Повторно им беа укажани санкциите за злоупотреба и занемарување на родителското

право, наведување и искористување на детето,а доколку и понатаму нема промени, ќе бидат пријавени во центрите за социјална работа и МВР, кои по службен пат ќе им го одземе времено детето и соодветно ќе биде згрижено а во меѓувреме ќе покренат постапка за одземање на родителското право пред надлежниот Суд како и ќе поднесе кривична пријава против родителот кој го злоупотребува и занемарува родителското право.

Токму во оваа насока се презеде дејствије за враќање на трите деца во семејството, бидејќи тамошното згрижување негативно се одрази врз психо-емоционалниот развој кај децата како и потенцијален сторител на кривично дело. Имено на 13.10.2014 г. Р.Е. и Р.М. во рацијата-Питачење беа евидентирани и сместени во Домот за деца без родители "11 Октомври" а децата А.Е. и С.Е. од страна на родителите беа оставени во ЈУ за згрижување на деца со воспитно – социјални проблеми „25 Мај". На ден 17.11.2014 година и Р.Е и Р.М беа сместени во ЈУ„25 Мај" од каде поради незадоволството сите деца често го напуштаа домот поради лошиот однос од страна на вработените, за што и самите се уверивме.

## ЛОБИРАЊЕ, ЗАСТАПУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Здружението за заштита на правата на детето и во 2013 година работеше во насока на лобирање и застапување за детските права според Конвенцијата за правата на детето, ја следеше состојбата со детските права во Република Македонија, како и работата на државните институции и на единиците на локалната самоуправа во делот на нивно постапување кога се работи за заштита на децата и нивните права, особено на децата припадници на маргинализирани групи. ЗЗПД следи што преземаат овие институции како надлежни за да обезбедат почитување на детските права и како тие постапуваат во ситуации кога детските права се повредени, оспорени или загрозени. Следењето се врши преку директни сервиси кои функционираат во Дневниот центар: Работа со родители, Родителски работилници, Детски работилници и Бесплатна социо-правна служба но исто така голем придонес има и Законот за малолетничка правда во кој се предвидени повеќе мерки за помош и заштита и механизми кои придонесуваат за превентивно делување, остварување на приоритетните интереси и заштита на малолетните лица од криминал, насилство и кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, преку Државниот Совет за превенција на малолетничко престапништво чии член е претседателот на ЗЗПД проф. д-р Владимир Ортаковски.

Со цел обезбедување на поголема заштита на децата од злоупотреба од питачење со Новите измени во Законот за семејство (службен весник на РМ, бр. 38 од 24.02.2014 година) се допрецизирани одредбите кои се однесуваат на злоупотреба и грубо занемарување на вршењето на родителските должности од страна на родителот. Според измените во Кривичен законик за кривичното дело запуштање и малтретирање дете родителот кој грубо ја запоставува и не ја врши својата својата должност за грижа и воспитување, и го принудува на работа која не е соодветна на неговата возраст, ќе може да добие казна до 10 години.

Државата треба да обезбеди политичка, јавна и финансиска заложба во која сите национални политики за заштита на децата се засновани на рамката на Конвенцијата за правата на детето и се залагаат за вклучување на различните потреби и интереси на децата.

Силно сме посветени да помогнеме и да придонесеме со нашето искуство со работата со деца на улица. Водени од таа желба и покрај ограничените човечки ресурси ЗЗПД со своето долгогодишно искуство од областа на заштитата на правата на децата, вложуваме напори за зголемување на вклученоста и интеграција на Ромската маргинализирана заедница, проактивност во информирањето и адресирањето на проблемите на локално и национално ниво.